РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr 12-1408/5
20 -11- 2024 г./v.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија“ бр. 12/19), член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од непознат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст: ДКСК), на 10-та седница одржана на 08.11.2024 година ја донесе следната

О Д Л У К А

Постапката по предметот број 12-1408/1 од 15.04.2024 година, оформен по доставена пријава за огласи за јавни набавки објавени од училишта на територија на Општина ------, **СЕ ЗАПИРА.**

ДКСК утврди дека, наводите од пријавата не се потврдуваат и нема елементи за натамошно постапување согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси.

Предметот со број 12-1408/1 од 15.04.2024 година да се затвори и архивира.

Одлуката на ДКСК во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

О б р а з л о ж е н и е

Од страна на познат подносител, на ден 27.05.2024 година, поднесена е пријава за огласи за јавни набавки објавени од училишта на територија на Општина ------ и оформен е предмет број 12-1408/1 од 15.04.2024 година.

Наводите во пријавата се однесуваат на сомнежи дека во последниот период во огласите за јавни набавки кои се однесуваат на училиштата во ------за набавка на канцелариски материјали и средства за хигиена била видна наклонетоста на лицето кое било задолжено за објава на огласите, односно, како што е наведено,

се прецизирале ставки кои реално воопшто ги немало или пак немале никаква намена во училиштето.

Со цел проверка на наводите и утврдување на фактичката состојба во пријавениот случај, а од причина што наводите во пријавата беа општи без конкретизирање на постапките, ДКСК достави барање за доставување на податоци и информации до подносителот на пријавата со цел обезбедување на информација за кои постапки за јавни набавки станува збор.

Во законски утврдениот рок доставено е известување од подносителот дека станува збор за огласите со бр. ------/2024 од --.--.2024 за ОМБУ "------" – ------ (набавка на канцелариски и училишни материјали), оглас бр. ------/2024 од --.--.2024 за ООУ "------" – ------ (набавка на канцелариски и училишни материјали), додека за ОУ "------"- ------ постапката била повлечена од систем. Според подносителот на пријавата во постапките се барале мостри кои не биле во никаква корист за било кое училиште како на пример, хартија од шекерна трска или ламинатор кој загрева за 3 минути, со што автоматски се исфрлале конкурентските добавувачи.

ДКСК по извршена административна проверка констатира дека согласно пропишаното во член 77 став (1) од Законот за јавни набавки, договорниот орган самостојно ја утврдува потребата од јавна набавка.

Дополнително, од извршен увид во електронскиот систем за јавни набавки, ДКСК констатира дека во периодот од 2022 до 2024 година, подносителот на пријавата склучил 5 договори за јавна набавка на канцелариски материјали/средства за одржување на хигиена со училиштата споменати во пријавата, што е контрадикторно на содржината на неговите наводи. Во однос на постапките за јавни набавки кои подносителот ги посочил во своето дополнување, од јавно достапните информации на Електронскиот систем за јавни набавки ДКСК констатираше дека постапката со број ------/2024 е поништена од договорниот орган поради битни пропусти или недостатоци во тендерската документација. Видно од јавно достапните информации на веб страната на Државната комисија за жалби по јавни набавки во однос на оваа постапка не е изјавена жалба ниту од еден економски оператор. Постапката за јавна набавка со број ------/2024 завршила со склучување на договор со најповолниот понудувач ------ДООЕЛ ------, а жалба не е изјавена од ниту еден економски оператор.

Од горенаведеното, ДКСК утврди дека наводите од пријавата не се потврдуваат и нема елементи за натамошно постапување и одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

Република Северна Македонија ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА Скопје
Republika e Maqedonisë së Veriut KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIM TË KORRUPSIONIT Shkup

Претседател
Татјана Димитровска

Изработил: М-р В.З, Виш соработник
Контролирал: М-р К.З, Раководител на одделение
Согласен: М-р И.П, Раководител на сектор
Одобрил: М-р Б.К.Ш, Член на ДКСК

Доставено до:
- подносителот на пријавата